


## ЕКО ЗЕЛЕН ВИКЕНД МАВРОВО 2013

## ПРВ ПОВЕЌЕДНЕВЕН ЕКОЛОШКО - ЕДУКАТИВЕН И ЗАБАВЕН ФЕСТИВАЛ ВО МАКЕДОНИЈА

Тридневниот фестивал EKO GREEN FESTIVAL MAVROVO ќе се одржи од 16-ти до 18-ти август на самиот брег на Мавровското езеро, на познатата локација - игралиштето на село Маврово.

Програмата на фестивалот е разновидна, од егзибициониен натпревар во скијање на вода, прецизно слетување на параглајдеристи и падобрански скокови и “mountain bike” слалом возење, преку планинарска тура Маврово „Меденица“ Маврово, искачување на Кораб, кружна ревијална велосипедска тура околу Мавровското езеро, до натпревари во влечење јаже, фрлање камен, брзо пилање и сечење дрва, како и спортски риболов на ситна риба на пливка и fly fishing.

Фестивалот ќе понуди презентација на традиционално приготвенити мавровски

производи, штандови за оригинални локални ракотворби, сувенири и домашни производи, изложби на стари фотографии од Мавровско реканаскиот регион, а фестивалската дебата ќе ја отвори темата "Развојните перспективи на Маврово, пливање помеѓу желбите, можностите и потребите".

Во детската програма ќе ги видиме најмладите диџеи во Македонија со настапи на детска музика, како и натпревар за деца под 7 години во умешно возење велосипед.

**Музичка програма на фестивалот:**

DJ Valentino Kanzyani, DJ Sabb, Леб и сол, Летечки пекинезери, Гоце Саф и ЛД Пистолеро, Conquering Lion, Shine, DJ Flooder, DJ Lephonqe, DJ Iceberg, DJ Мачки, Aliber, Дани Димитровска, План Г, Five fingers band, Чалгија саунд систем, Томи Бојаџи, Igor Iox, DJ Zomax, DJ Brane, DJ Johan и DJ Koks

За посетителите на фестивалот организаторот обезбеди бесплатен камп во самата близина на фестивалското случување.

**Програма за тридневниот фестивал EKO GREEN FESTIVAL MAVROVO:**

**Петок, 16.08.2013**

Презентација и продажна дегустација на традиционално приготвенити пити и млечни производи од Мавровско - Реканскиот крај

13.00 Прес Конференција

14.00-16.00 Пристигнување на учесниците.

13.00-18.00 Поставување камп на местото познато како “Камп” за учесниците кои сакаат да бидат сместени во шатори.

16.00-18.00 Запознавање со содржините, презентации на програмата, отворање на штандовите за ракотворби, сувенири домашни производи. Локација с. Маврово игралиште

18.00-21.00 Концерт на локални бендови, музичари и културно уметнички друштва од Маврово и Ростуше.

20.00 Изложба на стари фотографии од Мавровско реканаскиот регион

21.00-23.00 Концерт на мегапопуларните македонски бендови Леб и сол и Летечки пекинезери

23.00-02.00 Настап на мегапопуларните хип хоп звезди Гоце Саф и ЛД Пистолеро (Live + DJ SET)

**Сабота, 17.08.2013**

Презентација и продажна дегустација на традиционално приготвенити пити и млечни производи од Мавровско - Реканскиот крај

07.00 Заминување на планинарска тура Маврово – Меденица – Маврово, турата трае 6

часа (само за физички подготвените)

09.00-11.00 Презентација и пробно возење на “Mountain bike” слалом возење. Локација, долен дел на ски патеката под жичарниците

10.00-12.00 Презентација на изработка на вештачки мамки (мушици) и техники на мушичарење (Fly Fishing). Локација, Мавровско Езеро под игралиштето во с. Маврово

11.00-12.00 Презентација на планинарска опрема

12.00-14.00 Натпревар во прецизно слетување на параглајдеристи, падобрански скокови. Локација, игралиште с. Маврово

12.00-14.00 Натпревари во влечење јаже, фрлање камен, брзо пилање и сечење дрва, натпревар за деца под 7 години во умешно возење велосипед

15.00-17.00 Музички настапи на зурли и тапани, гајдаџии и кавалџии. Локација, игралиште с. Маврово

16.00-19.00 Натпревар во лов на ситна риба на пливка. Локација, Мавровско Езеро кај потопената црква

17.00-19.30 Диџеи, настапи на детска музика

19.00-20.00 Прогласување на победниците од сите активности со натпреварувачки карактер

20.00 Отворање на изложба на авторски мозаици на Проф. Мр. Адем Сулејманоски од Ростуше

19.30-20.00 Презентација на развојните перспективи на Општина Маврово Ростуше

20.00-21.30 Настап на “Conquering Lion”- Reggae Bend

21.30-23.30 Настап на групата “Shine”

23.30-01.30 DJ SET на најпознатите Антена 5 Диџеи, DJ Nikifor, DJ Lephonqe, DJ Iceberg, DJ Macki, настапи на Robotek, Ilina, Ogi surla, Aliber-Тетово.

01.30-05.00 Концерт на DJ VALENTINO KANZYANI И DJ Sabb (за овој настан се потребни посебни влезници).

**Недела, 18.08.2013**

05.00 Искачување на Кораб (за заинтересираните)

08.00-12.00 Кружна ревијална велосипедска тура околу Мавровското Езеро

10.00-11.00 Презентација на проекти на цивилното општество за развојот на МавровскоРеканскиот регион и презентација на развојните програми на Општината

11.00-13.00 Дебата на тема – Развојните перспективи на Маврово, пливање помеѓу желбите, можностите и потребите

12.00-14.00 Егзибиционием натпревар во скијање на вода

14.00-16.00 Приготвување и дегустација на рибја чорба и планински грав

16.00-17.00 Обраќања до гостите и учесниците со желба за вклучување нивни идеи за следното издание на фестивалот

17.00-18.00 Дарко супер звезда

18.00-19.00 Традиционална македонста музика со зурли, тапани, кавали, како и настап на играорни групи

19.00-20.30 Настап на познатата македонста етно група "Calgia sound sistem"

20.30-22.30 Настапи на Дани Димитровска и План Г

22.30-04.00 Настапи на Томи Бојаџи, Igor Iox, DJ Zomax, DJ Brane trance, DJ Johan trance, DJ Koks trance.

**Понеделник, 19.08.2013**

08.00 Чистење на локацијата и околината од отпадоци и смет

**Организатор:** ***Здружение на граѓани Еко Маврово***